СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Здружение на текстилната и кожарската индустрија

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ТЕКСТИЛНАТА И КОЖАРСКАТА ИНДУСТРИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, јануари 2023 година

ВОВЕД

Текстилната и кожарската индустрија претставува една од водечките преработувачки идустрии во земјава со значителни резултати во формирањето на БДП, високото апсорбирање на работка сила и извозот. За разлика од другите стопански дејности, во оваа област релативно повеќе дојдоа до израз претприемачките иницијативи на стопанствениците, остварени се повеќе деловни врски со странски партнери, што претставува основа за натамошен развој.

Процесот на глобализацијата, се поголемото вклучување во меѓународната економија, поставуваат голем број на предизвици пред овие индустриии како за националната економија така и за земјата во целина. Трудоинтензивниот карактер и можностите што ги дава за порамномерен регионален развој се карактеристики на оваа индустрија. Со самиот процес на преструктуирање на оваа гранка во развиените земји на Европската Унија и на селење на дел од нивното производство но други земји поволно се одрази и на Република Северна Македонија со што се почувствува зголемена побарувачка и поповолни услови за лон аранжманите.

Структурниот развој на текстилната индустрија, односно на производството на текстил, облека и репроматеријали како и недостатокот на стратешко планирање во минатото, неповолно се одрази врз перформансите на оваа индустрија и нивото на нејзина развиеност.

За развојните можности на текстилната и кожарската индустрија големо значење има и добрата макроекономска политика во врска со стабилноста и условите на стопанисување. Се поголемата либерализација во условите на стопанисување, и се послободното дејствување на пазарните законитости придонесуваат за отвореност на економијата, за поголема достапност на странските пазари и за подобрување на конкурентноста на текстилната индустрија. Тука треба да се спомене дека и националното законодавство во врска со текстилната индустрија во значителна мера е усогласено и хармонизирано со законодавството на ЕУ.

Затоа, за да се стопираат негативните тенденции и започнат долго очекуваните позитивни движења во оваа многу важна дејност за македонската економија, неопходдни се итни активности со наведените државни институции за преземање на мерки и активности на краток и долг рок.

**Економски движења на текстилната и кожарската индустрија во Република Северна Македонија**

## 1. Производство

Производството на текстилните и кожарските производи во последните години, од 2005 година наваму, бележи негативна тенденција, како кај производството на текстилни ткаенини, кај производството на облека, така и кја производството на кожаза разлика од позитивниот тренд во некои години кај вкупното индустриското производство, и одделно кај преработувачката индустрија.

**Верижни индекси на индустриско производство по дејности**

| | **2007/2006** | **2008/2007** | **2009/2008** | **2014/2013** | **2019/2018** | **2021/2020** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Македонија | 103.7 | 105.5 | 91.3 | 103 | 105 | 101,4 |
| Преработувачка индустрија | 105.2 | 106.3 | 90.7 | 103 | 109 | 101,2 |
| Производство на текстилни ткаенини | **92.7** | **101.6** | **67.4** | **108** | **101** | **88,7** |
| Производство на облека:доработка и боење на крзно | **85.5** | **79.6** | **88.3** | **114** | **92** | **90,1** |
| Производство на кожа и производи од кожа | **96** | **102,5** | **95** | **82** | **94** | **89,1** |

Покрај, позитивниот верижен индекс кај производството на текстилните производи 2008 во однос на 2007, или кај производството на облека во 2006 година, во однос на 2005 година, производството во 2009 година покажува намалување како резултат на кризата која ги продлабочи тековните проблеми во оваа дејност за да во 2010 година повторно имаме зголемување на производството како резултат на зголемените нарачки од страна на странските партнер. Во 2021 година во однос на 2020 година имаме намалување на верижниот индекс на индустриско производство кај производството на текстилни ткаенини од 11,3% и намалување од 9,9% кај производството на облека и 10,9 % кај производството на кожа

Една од специфичностите на извозот од текстилната и кожарсклата индустрија е високата застапеност на лон производството, кој во производството на облеката и обувки константно учествува околу 93%, а само 7% отпаѓа на класичното производство. Отаму, оваа дејност е со висок степен на зависност од случувањата односно порачките за производство од странство.

### Индекси на индустриско производство

| | I-XII 2019<br>I-XII 2018 | I-XII 2020<br>I-XII 2019 | I-XII 2021<br>I-XII 2020 | I-XI 2022<br>I-XI 2021 |
|---|---|---|---|---|
| Р.Македонија | 102,4 | 90,5 | 101,4 | 99,9 |
| Преработувачка индустрија | 100,9 | 90,1 | 101,2 | 99,1 |
| Производство на текстилни ткаенини | 107,5 | 88,8 | 88,7 | 102,1 |
| Производство на облека: доработка и боење на крзно | 92,7 | 86,1 | 90,1 | 105,8 |
| Производство на кожа и слични производи од кожа | 71,9 | 58,7 | 89,1 | 107,4 |

Како резултат на пандемијата предизвикана од COVID 19 и мерките преземени за спречување на неговото ширење во светски рамки, изминатиот период дојде до намалување на побарувачката за текстилни производи и облека и обувки, а секако, сето тоа влијаеше за намалување на глобалното производство.Самото тоа го кажуваат и бројките каде според податоците за индустриското производство за 2021 година споредено со 2020 година, кај производството на текстилни ткаенини имаме намалување за 11,3%, а додека производството на облека има намалување од 9,9%, а кај производствот на кожа тоа намалување е од 10,9%.

Позитивни трендови на раст на индустриското производство во овие дејности имаме во 2022 година а истото се очекува да продолжи и во 2023 година. Најголем дел на партнерите од западноевропските пазари своето производство од Украина го пренесоа во балканските земји, а со тоа има зголемена побарувачка за нашите услуги што обезбедува работа за по долг период на компаниите каде некои имаат договори за производство до средината на идната година

## 2. Извоз – Увоз

Вкупниот извоз на текстилната индустија од година во година вредносно се зголемува, така што од 405 милиони долари во 1998 година достигнал до 766 милиони долари во 2008 година, за да со појавата на економската криза во наредните години имаме намалување на извозот.

### Структура на извозот на текстилни производи по сектори

**во милиони $**

| | 2011 | 2015 | 2017 | 2019 | 2020 | 2021 | I-XI 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен извоз | 4.455 | 4.489 | 5.671 | 7.187 | 6.633 | 8,118 | 8.041 |
| Вкупен извоз на текстилна и кожарската индустрија | 720.2 | 596.4 | 606.7 | 618,4 | 563,7 | 277,1 | 562,8 |
| Текстилни ткаенини | 61.8 | 67.1 | 80.4 | 87,6 | 121,7 | 65,6 | 126,8 |
| Готови текстилни производи | 658.4 | 529.3 | 526.3 | 485,3 | 412 | 198,1 | 404.5 |
| Производство на кожа и слични производи од кожа | | | | 45,5 | 30 | 13,5 | 31,5 |

Вкупниот вредносен извоз на текстилната индустија од година во година се зголемува, од 357 милиони долари во 2000 година, достигна 766 милиони долари во 2008 година, за да во 2010 година извозот изнесува приближно 620 милиони долари, а во од 2011 година извозот да изнесува 720 милиони долари со што учеството на извозот од текстилната индустрија во вкупниот извоз опаѓа од 30,9% во 1998 година на 17% во 2011 година. Во 2020 година извозот на текстилната и кожарската индустрија изнесува 563,7 милиони долари, и е 8,49% од вкупниот извоз на државата.За првата половина од 2021 година извозот на текстилната и кожарската индустрија изнесува 277,1 милиони долари и е 6,75% од вкупниот извоз на државата.

За 11 месеци од 2022 година извозот на текстилната и кожарската индустрија изнесува 562,8 милиони долари и е 6,99% од вкупниот извоз на државата.

**Структура на увозот на текстилни прроизводи по сектори**

**во милиони $**

| | **2010** | **2012** | **2015** | **2017** | **2019** | **2020** | **2021** | **I-XI 2022** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Увоз на текстил | 403.2 | 439.4 | 455.8 | 502.7 | 502.1 | 449.7 | 471,1 | 463,8 |
| Увоз на облека | 64.6 | 63.9 | 72.5 | 89.9 | 105.7 | 103.5 | 137,3 | 143,5 |
| Производство на кожа и слични производи од кожа | 67.8 | 90.8 | 89.5 | 104.1 | 104.5 | 86.7 | 99,2 | 97,9 |
| **Вкупно** | **535.6** | **594.1** | **617,8** | **696.7** | **712,3** | **639.9** | **707,6** | **705,2** |

Увозот на текстилни производи во последните 10 години нагло се зголемува. Во 2007 и 2008 година, увозот на текстилни предива и ткаенини е значително зголемен, па дури во 2013 година 553.4 милиони долари, а во 2020 година изнесува 639.9 милиони долари што значи се работи за увоз на репроматеријали кои се доработуваат воземјава и потоа се извезуваат како облека и обувки. За 11 месеци 2022 година увозот на текстилни производи облека и обувки изнесува 705,2 милиони долари.Земјите како Германија, Грција, Италија, Холандија, кои се јавуваат како најголеми во остварувањето на лон извозот на облека, се јавуваат кај нас како земји од кои најмногу се увезува текстил односно репроматеријали.

Но забележан е висок раст и на увозот на облека, во чии рамки увозот од Кина и Турција е многу поконкурентен за нашите производители на домашниот пазар. Само во 2021 година увозот од Кина Турција Грција на облека и обувки изнесува околу 80 милини долари.

### 3. Вработување

Еден од клучните фактори за развојот на текстилната индустрија поради нејзиниот трудоинтензивен карактер претставуваат и човечките ресурси и нивните квалитативни каратктеристики.

| | 2007 | 2008 | 2009 | 2016 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно вработени по сектори и дејности | 434 041 | 434 858 | 426.252 | 534.200 | 579.668 | 629.482 | 789.552 | 795.276 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Преработувачка индустрија | 113 088 | 107 706 | 100.382 | 143.253 | 140.228 | 148.477 | 158.887 | 160.373 |
| Производство на текстилни ткаенини | **5 292** | **4 535** | **4.362** | **5.286** | **6.347** | **6.072** | **7.391** | **10.389** |
| Производство на предмети за облека | **38 556** | **35 638** | **35.376** | **30.919** | **33.761** | **36.616** | **36.543** | **28.311** |
| Производство на кожа и слични производи од кожа | **/** | **7.421** | **6.008** | **5.256** | **4.124** | **3.490** | **3.496** | **3.047** |

Од вкупниот број на вработени во  инднустријата, околу 9 -10% отпаѓа на текстилната индустрија, а околу 37-40% во вкупниот број вработени преработувачката индустрија, што  од аспект на вработувањето ја чини посебно важна дејност во вкупната македонска економија. Економската криза која ја зафати оваа дејност, резултира со намалување вработените за 5.370 лица во 2010 година во споредба со 2007 година, во 2012 година имаме 36.072 вработени, а додека во 2018 година е 36.270 вработени во текстилната индустрија и 4.124 вработени во кожарската индустрија и доколку продолжат негативните тековни состојби, голема е веројатноста дека тој број ќе се зголеми. Во 2021 година во производдство на облека има 28.311 вработен, во производство на текстилни ткаенини 10.389 а кај обувки и кожа 3.047 вработени.

### 4.Плати, цена на труд

Просечни плати на ниво на стопанство и на ниво на текстилната индустрија

| | **2009** | **2010** | **2013** | **2014** | **2020** | **2021** | **I-X 2022** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно стопанство<br>- Бруто плата<br>- Нето плата | 29.922<br>19.657 | 30.225<br>20.553 | 30.602<br>20.847 | 31.152<br>21.273 | 40.566<br>27.182 | 42.887<br>28.718 | 47.093<br>31.498 |
| Производство на текстил и текстилни производи<br>- Бруто плата<br>- Нето плата | 13.756<br>9.146 | 14.418<br>9.726 | 14.356<br>9.623 | 17.971<br>12.263 | 32.779<br>22.045 | 34.146<br>22.957 | 38.214<br>25.620 |
| Облека<br>- Бруто плата<br>- Нето плата | 13,779<br>9.169 | 14.424<br>9.746 | 15.660<br>10.681 | 16.561<br>11.355 | 25.857<br>17.561 | 26.803<br>18.168 | 31.883<br>21.528 |
| Производи од кожа<br>- Бруто плата<br>- Нето плата | 12,779<br>8.169 | 14.424<br>9.746 | 14.660<br>9.681 | 15.561<br>10.355 | 23.185<br>15.752 | 25.628<br>17.387 | 30.267<br>20.456 |

Поради трудоинтензивноста на дејноста, **зафаќањата од бруто платите на вработените** се значителни и во голем степен се повисоки од повеќето земји во

окружувањето.Само за пример зафаќањето од Бруто платата на преработувачката индустрија Хрватска изнесува пример 27,4 %, во Србија 27,8, а кај нас 32% при што во текстилната индустрија 32-33% , како резултат на повисоката основица за пресметка на придонесите за задолжително социјално осигурување (50% од просечната плата во РМ во претходниот месец), во спореба со реално исплатената плата.

Имено, издвојувањата по основ за социјално осигурување се зголемија со пресметувањето на давачките согласно просечната плата во државата, а не според според исплатената, што укажува на парадоксот придонес да се плаќа и на неисплатен износ од исплатена плата. Тоа услови губење на позитивниот ефект од намалувањето на стапката на персоналниот данок (рамниот данок) .

Тргнувајќи од трудоинтензивниот карактер на текстилната и кожарската индустрија и можностите што тие ги даваат за развој на неразвиените региони и рурални краишта, императив е да се создадат поволни макро економски услови преку системско поттикнување на истата.

*                    *
*

Со цел текстилната и кожарската индустрија да се стабилизира и започне да бележи позитивни движења во своите економски параметри, тоа мора да помине низ одредени структурни промени, како што тоа е направено во многу европски земји.

1. Првиот чекор е премин кон повисока фаза на услужното шиење, односно повисока фаза на лон производство. Тоа би се реализирало, ако прво материјалите се увезуваат дирекно во Македонија, од источно азиските земји, секако по налог на работодавачот – партнер од ЕУ. Но за тоа, потребно е укинување на царинските давачки на основните репроматеријали за текстилната индустрија.

2. Од страна на државата да се обезбеди финанскиска поддршка во процесот на автоматизација и модернизација на опремата наменета за производство. Имено, Република Македонија во однос на земјите во окружувањето има помала продуктивност што се должи на недоволната автоматизација на производниот процес и ова ќе предизвика миграција на странските клиенти во соседните земји кои се повеќе ја зајакнуваат својата конкурентноста (на пример, Бугарија, со високата автоматизација во производните капацитети, реализирана со поддршка на нивата Влада и со поддршка на ЕУ фондовите ја прави повеќе конкурентна во однос на Македонија, а Албанија која не е членка на ЕУ и која беше многу поназад во развојот на текстилната индустрија, сега поддржана од нивната Влада со огромни чекори се движи напред). Со цел да бидеме конкурентни во однос на опкружувањето, македонската текстилна индустрија мора да добие поддршка од државата во смисла на поволни кредитни линии, субвенции, обезбедувања преку користење на гарантни фондови итн. Тоа ќе овозможи да се направат вложувања во автоматизација на производните процеси, а со тоа подобрување на квалитетот и обезбедување на поголема продуктивност од страна на текстилните компании.

3.Третиот чекор на долгорочен план би бил повисока инвестиција во модернизација на производниот капацитет и промовирање на сопствени производи. Да се обезбеди државна подршка како би се извршило пренамена од “Лон” – производство во класично производство т.е формирање на сопствен бренд кој ќе биде наменет за

извоз, која беше една од основните цели на Стратегијата за развој на текстилната индустрија. Основната цел на стратегијата за развој на Текстилната индустрија беше придвижуање од ЛОН кон производство со повисока додадена вредност. Анализите кои се прават укажуваат дека купувачите постепено ќе го напуштаат ЛОН моделот на производство и ќе бараат чист извоз, а понатаму и производ со вклучен дизајн. Во мооментот 90% од извозот е на база на ЛОН производство и фактот дека се поголем број на нови купувачи бараат чист извоз, укажува на тоа дека компаниите ќе мора постепено да се прилагодуваат на овој модел кој бара инвестиции во неколу области, почнувајки од човечки ресурси, нивна едукација, потоа модернизација на производниот процес (квалитетна организација на производството), па се до обезбедување средства за набавка на основен и помошен материјал.

Субвенционирање на ова придвижување, посебно во делот на преоѓањето од ЛОН производство кон чист извоз во голема мера ќе влијае врз опстанокот на овој сектор во Македонија. Самиот факт дека странските купувачи, ќе инсистираат на еден ваков пресврт укажува на важноста на овие промени, а текстилниот и кожарскиот сектор мора да се прилагодува на барањата на пазарот и поради тоа ни е потребна Владина поддршка која ќе овозможи премин од лон кон чист извоз, во прво време на сопствен производ со туѓа марка, за да после здобивањето со вакво искуство преминеме и во производство на сопствен брендиран производ. Средствата што за оваа намена се издвоени преку Министерството за економија се минимални и неможат да помогнат за поголемо придвижување во оваа област.

Покрај многуте проблеми со кои текстилната и кожарската индустрија во нашата земја се соочува во последниве години, тешката состојба во оваа индустриска дејност дополнително е отежната од економската глобална криза: ***Во тој контекст, како клучни проблеми кои ја оптоваруваат текстилната и кожарската индустрија се следните:***

1. Повисока инвестиција во модернизација на производниот капацитет и промовирање на сопствени производи. Деловното окружување за финансирање обезбедува мал избор на инструменти, со релативно скапи извори на користење што се тешко достапени за повеќето текстилни фирми, така да голем број од нив сопствениотот развој и тековното работење го финансираат од други извори,сопствени или туѓи, а пред се преку лон аранжманите. Затоа е потребно полесен пристап до поволните финансиски извори на средства, за кои бараме субвенционирање на каматите по кредитите, како би можеле дел од лон производството да се пренамени во класичо произвгодство наменето за извоз.

2. Превземање на сериозни мерки за сузбивање на сивата економија и нелојалната конкуренција од увозот на стоки без царина за домашниот пазар по дампинг цени, шверцот на текстилни производи и нивна продажба на зелените пазари од нерегистрирани субјекти како и подоследна примена на прописите за поседување на атести и исполнување на други критерими што ги примнува ЕУ врзани со квалитетот на увозот на стоки

3. Да се реши проблемот со недостиг на стручен кадар за работа во текстилната индустрија, и да се воведат дополнителни стимулативни мерки од страна на државата, каде би се постигнало до зголемување на бројот на обучени текстилни работници. Има голем недостаток на млад и стручен кадар кој би работел во оваа дејност, второ проблем е големото иселување на населениото од државава, како и покачувањето на платите кое не кореспондира со нивото на продуктивноста во оваа дејност. Со

последното покачување на минималната плата таа ќе изнесува 58% од просечната плата на ниво на држава, а 80% од просечната плата во текстилниот сектор. Друг проблем е и тоа што 93% оваа индустрија се базира на лон-производство се увезува готов мтеријалот, кај нас само се доработува, шие пакува, а за тоа цената по единица производ е мала, а тоа е голем проблем на овие компании за продолжат со работа, а секако конкуренција се азиските пазари.

5. Приоритетно третирање на текстилната индустрија како **извозна гранка** и давање на системска помош во насока на експанзија на извозот.